**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Марија Попов**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино**
**ул.Гоце Делчев бр. 26**
**тел. 043 221-008 izvrsitel.marijapopov@gmail.com**

**Образец бр.66**

**И.бр. 359/2025**

Извршителот Марија Попов од Велес, ул.Гоце Делчев бр. 26 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителите Универзална Инвестициона банка АД од Скопје со ЕДБ 4030993252736 и ЕМБС 4646088 и седиште на Максим Горки бр.6, и Агенција за наплата НАН ДОО Скопје од Скопје со ЕДБ 4043024537965 и ЕМБС 7758120 и седиште на ул.Интернационални бригади бр.15 вл.2 кат 5,, засновано на извршната исправа НПН.бр.657/25 од 17.03.2025 година на Нотар Тања Аспорова, против должникот Васе Алексовски од Велес и живеалиште на ул.Благој Ѓорев бр.165/2-2, за спроведување на извршување во вредност Васе Алексовски денари на ден 05.08.2026 година го донесува следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

**Недвижност запишана во имотен лист бр.15865 за КО Велес при Агенција за катастар на недвижности на СМ – Центар за катастар на недвижности во Велес со следните ознаки:**
Лист В
-Парцела 7480, дел 1, адреса Б.Ѓорев 165, број на зграда 1, Намена на зграда А2-1, влез 2, кат ПР, број 2, собност 1, намена на посебен/заеднички дел од СТ, со внатрешна површина од 33 м2, со право на недвижност – сопственост;
-Парцела 7480, дел 1, адреса Б.Ѓорев 165, број на зграда 1, Намена на зграда А2-1, влез 2, кат СУ, број 2, собност 1, намена на посебен/заеднички дел од П, со внатрешна површина од 5 м2, со право на недвижност – сопственост;
-Парцела 7480, дел 1, адреса Б.Ѓорев 165, број на зграда 1, Намена на зграда А2-1, влез 2, кат ПР, број 2, собност 1, намена на посебен/заеднички дел од ПП, со внатрешна површина од 10 м2, со право на недвижност – сопственост;
како и **недвижноста на должникот Васе Алексовски означена како недвижност со заедничка сопственост, запишана во имотен лист бр.15816 за КО Велес при Агенција за катастар на недвижности на СМ – Центар за катастар на недвижности во Велес со следните ознаки:**
Лист В
-Парцела 7480, дел 1, адреса Б.Ѓорев 165, број на зграда 1, Намена на зграда Помошни простории, влез 2, кат ХС, собност 0, со внатрешна површина од 62 м2, со право на недвижност – право на заедничка сопственост;
-Парцела 7480, дел 1, адреса Б.Ѓорев 165, број на зграда 1, Намена на зграда А2-1, влез 2, кат СУ, собност 0, намена на посебен/заеднички дел од П, со внатрешна површина од 25 м2, со право на недвижност – заедничка сопственост;
сопственост на должникот Васе Алексовски.

Продажбата ќе се одржи на ден 03.09.2026 година во 12,00 часот во просториите на канцеларија на Извршител Марија Попов на ул.Гоце Делчев бр.26 во Велес.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот Марија Попов И.бр.359/25 од 26.06.2026 год., изнесува 1.866.835,00 денари денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености:Налог за извршување И.бр.971/24 на Извршител Благој Бањански од Неготино, Налог за извршување И.бр.497/26 од 07.04.2026 год. на Извршител Марија Попов од Велес. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр.210077387570268 која се води кај НЛБ банка АД Скопје и даночен број 5004024511395.Уплатата да се изврши најдоцна до 01.09.2026 год.

Данокот на промет паѓа на товар на купувачот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 ( петнаесет ) дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

Д.-на: доверител
должник
Општина Велес – даночно одделение
УЈП

И З В Р Ш И Т Е Л
Марија Попов

05.8.2026

Signed by: Marija Popov

**Правна поука:** Против овој налог може да се поднесе приговор до Основниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.